# ГРАЃАНИТЕ ОДЛУЧУВААТ

**ТРЕТА ФОРУМСКА СЕСИЈА**
***РОДОВО ОДГОВОРЕН БУЏЕТСКИ ФОРУМ***
**15.11.2022г. (вторник), 13 часот, место- општинска сала**

**Почитувани граѓани и граѓанки,**

Третата форумска сесија од родово одговорниот буџетскиот форум во општина Крива Паланка ќе се одржи на 15 ноември 2022 година, во салата на општината со почеток во 13 часот.

**Ве покануваме да учествувате на третата Форумска сесија, од *РОДОВО ОДГОВОРНИОТ БУЏЕТСКИ ФОРУМСКИ ПРОЦЕС ***

На третата форумска сесија ќе бидат презентирани и расходите на преостанатите 6 приоритетни буџетскит програми за 2023 година според форумот, (програмата за изградба на улици и патишта, програмата за уредување на градежно земјиште, програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа, програмата за локален економски развој, програмата за соработка со граѓански организации и фондации и програмата за култура.)

Форумот - граѓаните ќе имаат можност да расправаат по предлозите на општината но и да ги дадат и своите предлози и мислења во врска со програмите кои ќе бидат предмет на дискусија.

Форумот има за цел да го зајакне граѓанското учество во процесот на одлучување на локално ниво и низ еден широко транспарентен начин да обезбеди родово одговорна алокација на буџетските средства, водејќи сметка за различните потреби и приоритети на граѓаните и граѓанките. **Една од целите на овој форум - работилница е и градење и унапредување на капацитетите на граѓаните/ките и на општинската администрација,како и да се подигне свеста кај сите нас дека сите ние сме еднакви но различни, со различни потреби и приоритети.**

За сите дополнителни информации доколку имате потреба во врска со форумските сесии лице за контакт е Лидија Митовска, lmitovska@krivapalanka.gov.mk , 076 337 445

Вашето директно учество и придонес во креирањето на буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година е од голема важност и интерес за целата локална заедница.

Бидете поздравени!

*Општина Крива Паланка*
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА